# Книгата-извор на мудроста

Животниот век на човекот е многу краток,можеби прекраток за да можеме да ги запознаеме сите убавини што ни се дар од бога,но и сето она што е направено од човечка рака.

Но јас открив дека сите тие убавини можеме да ги запознаеме и да уживаме во нив дружејќи се со нашиот најмудар пријател книгата.Книгите се присутни во нашиот живот уште од најрани години,кога читајќи ги првите книги и сказни учиме да го разликуваме доброто од злото.Благодарение на книгите ние се образуваме и ги прошируваме хоризонтите на знаењето,влегуваме во нови светови и учиме како да станеме помудри личности.Книгата е патоказ за среќен и удобен живот,таа е свеќа што не догорува и секогаш ни го осветлува патот кон иднината.Книгата е волшебничка која може да направи чуда,да не однесе насекаде,да не врати во времето кое поминало и во нашата душа да влее многу мудрости и скапи знаења кои ке не водат низ животот.

За мене книгата е најголемо богатство,таа ме исполнува со радост,љубов и солзи. Додека ја читам книгата јас ги доживувам нејзините случки, како да влегувам во нив и таму сум во сите настани.Книгите не учат на добри дела,на добри работи,без нив нема да можеме да го пронајдеме патот до целта.Книгата е најголемо богатство,таа стана составен дел од мојот живот и извор на сите мудрости.Книгата е повредна од сите споменици украсени со слики,бидејќи таа самата гради споменици во срцето на оној кој ја чита.

Трето Место

Ријад Гегиќ VIII Б одд.

ЦОУ. „Марко Цепенков“ – ст. Зелениково